**20241552689**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

Врз основа на член 19 став (4) од Законот за вештачење (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/23), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ И НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на лиценцата за вештачење, како и начинот на нејзиното издавање.

Член 2

(1) Лиценцата за вештачење се издава на образец, отпечатен на кунздрук хартија со бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на образецот на лиценцата од став (1) на овој член се дадени во Прилог бр. 1 и 2 и се составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Лиценцата за вештачење се издава врз основа на поднесено писмено барање за издавање на лиценца за вештачење и приложена потребна документација од страна на барателот.

(2) По доставувањето на барањето од став (1) на овој член, се проверува доставената документација и ако истата е комплетна, на барателот му се издава лиценца за вештачење.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и образецот на лиценцата за вештачење и начинот на нејзиното издавање и продолжување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/11).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-1951/3
24 јули 2024 година
Скопје

Министер за правда,
**Игор Филков**, с.р.

Прилог бр. 1

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

Врз основа на член 19 став (4) од Законот за вештачење (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/23), министерот за правда издава

# ЛИЦЕНЦА

**за вештачење**

На ______________________ со ЕМБГ ______________ роден-а на ____________ година во ____________ , кој-а ги исполнува условите за вршење на вештачење согласно Законот за вештачење (*), **му се издава лиценца за вештачење од областа на** ______________________.

Лиценцата за вештачење е со трајна важност.

Број __________

Датум на издавање__________

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**

Прилог бр.2

**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**Министерство за правда**
**Ministria e Drejtësisë**

Врз основа на член 19 став (4) од Законот за вештачење (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/23), министерот за правда издава

Në bazë të nenit 19 paragrafi (4) të Ligjit për ekspertizë (*) ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 154/23), Ministri i Drejtësisë lëshon

# ЛИЦЕНЦА

**за вештачење**

# LICENCË

**për ekspertizë**

На ____________________ со ЕМБГ ______________ роден-а на ___________ година во ___________ , кој-а ги исполнува условите за вршење на вештачење согласно Законот за вештачење (*), **му се издава лиценца за вештачење од областа на** ____________________.

____________________, me NVAQ______________, i/e lindur më datë ________, në ___________, i/e cili/a i plotëson kushtet për kryerjen e ekspertizës në pajtim me Ligjin për ekspertizë (*), **i lëshohet Licencë për ekspertizë nga fusha e** ____________________.

Лиценцата за вештачење е со трајна важност.

Licenca për ekspertizë është me vlefshmëri të përhershme.

Број __________
Numër __________
Датум на издавање __________
Data e lëshimit __________

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
MINISTËR I DREJTËSISË